**2017011117**

## АДВОКАТСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 23 од Статутот на Адвокатска комора на Република Македонија, Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија на седница одржана на ден 31.1.2017 година ја донесе следната

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ТАРИФАТА ЗА НАГРАДА И НАДОМЕСТОК НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА АДВОКАТИТЕ

Член 1

Во член 8 став 1 точка 1 се брише зборот „договори“.

После точка 2 се додава нова точка 3 која гласи:

„За состав на преддоговори и договори наградата се определува согласно вредноста

| Вредност од денари | Вредност до денари | Награда за состав на договор |
|---|---|---|
| | До 3.000.000,00 | 3.900,00 |
| 3.000.001,00 | 5.000.000,00 | 5.000,00 |
| 5.000.001,00 | 9.000.000,00 | 6.000,00 |
| 9.000.001,00 | 20.000.000,00 | 10.000,00 |
| 20.000.001,00 | 60.000.000,00 | 15.000,00 |
| 60.000.001,00 | | 30.000,00 |

Кај состав на договори и преддоговори не се применува став V, точка 1 на членот 8.“

Член 2

Член 8 став 1 точка 12 се менува и гласи:

„За необразложени поднесоци, изјави, молби, полномошна со кои трети лица пренесуваат овластувања, освен полномошна со кои е овластен адвокатот за застапување и преземање на дејствија во име на властодавецот во сите постапки, наградата е како најниската награда од точка еден.“

Член 3

Во член 8 став 1 точките 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18.

Член 4

Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Во „Службен весник на Република Македонија“ ќе биде објавен и пречистен текст на Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

Бр. 02-95/6
1 февруари 2017 година
Скопје

Адвокатска комора
на Република Македонија
Претседател,
адвокат **Никола Додевски**, с.р.